**20210871327**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните набавки,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 април 2021 година.

Бр. 08-1965/1
18 април 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки* („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19), во членот 103 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, договорниот орган од класичниот јавен сектор може да предвиди аванс поголем од 20% од вредноста на договорот без обврска за обезбедување банкарска гаранција за авансно плаќање од носителот на набавката во постапките за јавни набавки на имунолошки производи за справување со SARS COV 2.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето „Службен весник на Република Северна Македонија“.